FOREVER
MACEDONIA
Октомври 2016 | Број 180

# МОЌТА НА ЦВЕТОВИТЕ

**SUCCESS DAY**

**15.10.2016**
**Хотел „Порта“, Скопје**
**Почеток-18 часот**
**Ве очекуваме!**



# Форевер гордост #ForeverProud




**Разликата помеѓу гордоста и горделивоста е тенка. Да си горделив значи да имаш преголемо его или да се држиш надмено и да се сметаш за поважен или подобар од другите. Но гордоста, вистинската, искрена и несебична гордост се дефинира како радост кога ти самиот или твој близок прави нешто убаво, се справува со тешка задача или донесува пофална одлука. Секој од нас почувствувал таква гордост во еден или друг момент.**

Лео Ростен некогаш напишал: „Во нашиот живот не треба да се стремиме само да бидеме среќни. Треба да сме корисни, да почитуваме. Да сме внимателни. Да сме од значење, да направиме така да животот нѐ доведе до промена кон подобро."

Интересно е што токму во моментите кога сум корисен, кога почитувам и сум внимателен, всушност се чувствувам најсреќен. Затоа, ако сакаме нашиот живот да има смисла, задолжително треба постојано да се стремиме да придонесуваме со нешто позитивно кон светот и секој ден да правиме нешта со кои ќе се гордееме.

Како и луѓето кои го движат Форевер, и ние имаме многу поводи да бидеме горди. Среќни сме што неверојатните работници на плантажите со алое во Доминиканската Република добиваат во просек 40% повисоки доходи од минималните во државата, и дека во холандскиот центар за логистика Форевер директ секој ден ни помагаат вработени со посебни потреби. Горди сме што ви предлагаме можност да си изградите сопствен бизнис, да постигнете финансиска независност и да им помагате и на други да го прават истото.



Се гордееме со грижата за околната средина. За нашите производствени компании Алое Вера – Америка, Форевер нутрацеутикал и за центарот за логистика Форевер директ рециклирањето и еколошките програми се основен приоритет. Секоја година нашите плантажи со алое го прочистуваат воздухот на планетата од стотици милиони тони јаглероден диоксид. Само во 2015 г. Форевер директ рециклираше 384 тони хартија и пластика.

Особено сме горди на производите кои ги произведуваме, и како тие го подобруваат животот на луѓето во целиот свет. Затоа нашиот циклус на производство е комплетно затворен и го поседуваме секој чекор во него – од одгледување на сопственото алое, преку производство на производите, до нивно распространување – од растението до производите и до вас.

Да доживуваш Форевер гордост значи да те радува мислата дека придонесуваш за нешто многу убаво. Знаеме дека и ти како нас имаш многу причини за Форевер гордост. Сподели ги со нас на социјалните мрежи, со користење на хаштагот #ForeverProud и следи нѐ редовно, за да се информираш и за останатите поводи да се гордееме со тоа што го правиме.

Не престанувајте да се смеете,

**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг

# Да ја откриеш својата сила

**Што и да испречи животот на вашиот пат, вие секогаш сте доволно силни за да го надминете. Само запомнете дека треба да ги искористите сите сили – и тие внатре во вас, и оние околу вас.**



Дали понекогаш се чувствувате неспособно и изгубено? Денешниот свет има чуден начин да предизвикува такви чувства кај нас. Коегзистираме со милијарди други луѓе на планетата, но и покрај тоа на моменти сме осамени или пак сме немоќни да направиме нешто сами. А всушност работите воопшто не стојат така.

Има една приказна како мало момче одело низ шумата со својот татко. Стигнале до голем трупец кој им го препречил патот. Возбуденото момче сакало да се покаже пред таткото и истрчало до трупецот за да ја разгледа пречката. Се свртело кон таткото и го прашало: „Тато, мислиш ли дека можам да го кренам овој трупец?“ Таткото одговорил дека ако ги искористи сите свои сили, сигурно ќе успее да го премести дрвото. Возбудено од предизвикот, момчето зело длабок здив, ги завратило ракавите и се наведнало да го подигне трупецот. Ја впрегнало сета своја сила, се обидувало повторно и повторно сè додека толку се истоштило, што не можело повеќе.

Очајно и натажено поради неуспехот, тоа го погледнало таткото и рекло: „Ама ти рече дека можам да го кренам!“ Татко му само се насмевнал и рекол: „Ти кажав дека можеш да го преместиш ако ја искористиш сета своја сила, но ти не ме замоли за помош.“

На крајот на краиштата ние ниту за миг не сме навистина сосем сами на светот. Кога се чувствуваме неспособни или не успеваме да ги надминеме препреките по патот, има само едно решение – да побараме помош. Момчето и татко му го преместиле трупецот заедно и го продолжиле своето патување.

Исто како момчето, вие имате поддршка од многу силни луѓе – на тимот под вас и на спонзорската линија над вас. Заедно вие претставувате здрава мрежа од луѓе кои ги следат своите соништа и се подготвени да направат сè што е потребно за да ја најдат сопствената среќа и среќата на другите.

Што и да испречи животот на вашиот пат, вие секогаш сте доволно силни за да го надминете. Само запомнете дека треба да ги искористите сите сили – и тие внатре во вас, и оние околу вас.

Засекогаш Ваш,

Rex Maughan










Најголемата грешка што ја правиме е тоа што се откажуваме без да знаеме колку блиску сме до успехот . Можностите не се случуваат сами по себе, туку Вие ги создавате. Но, за да го промените Вашиот живот, најпрво мора да ги промените Вашите приоритети.  А само така ќе можете да зачекорите на патот кон успехот. Чекорењето кон успехот со Форевер е вистинско задоволство, бидејќи сте наградени по секој надминат предизвик. И по секој предизвик имате уште поголема сила да го започнете наредниот, па наредниот. Затоа што Форевер не поставува невозможни цели, туку Ви дава поттик да го разбудите најдоброто во Вас. Секое достигнување започнува со одлуката да се проба, затоа се надевам дека мојот успех ќе ви даде желба и храброст да направите промена.

**Прим.Др.Роза Гелевска**
**Менаџер „Орел"**


















Почитувани сопственици на Форевер бизнис, драги пријатели,

Со огромна возбуда и радост сакаме да ви го честитаме 15-от јубилеј на Форевер Ливинг Продактс Бугарија и да ви се заблагодариме од наше име и од името на централната канцеларија на компанијата што сте дел од она што ние смело го нарекуваме најдобрата бизнис можност на светот! И ако некој на почетокот ни кажеше колку многу луѓе околу нас ќе си го променат животот во тек на сите овие години, употребувајќи ги производите за здравје и убавина на Форевер и работејќи здраво, за да ги исполнат своите соништа со помош на маркетинг планот на нашата компанија, тешко дека ќе поверувавме.

Сопственици на Форевер бизнис во Бугарија веќе сте повеќе од 50 илјади! Имавме задоволство голем дел од вас да ги наградиме како Асистент Супевизори, а 640 луѓе развија свој бизнис уште поуспешно и постигнаа ниво Супервизор. 150 се Асистент Менаџери, над 80 Менаџери, Сениор Менаџери – 11, како и еден Соаринг Менаџер!

А нас нѝ се чини дека вистинскиот раст на нашата компанија во Бугарија допрва претстои. Последните неколку години продажбите постојано растат и месечните бонуси кои компанијата ги исплаќа стануваат сè поголеми, и надминуваат неколку десетици милиони левови за целиот период! Многу од вас ги изработија и долгорочните програми за стимулирање на компанијата, кои ви помогнаа да си купите автомобили, станови, да ги образувате децата и да остварите уште многу други желби. А сигурно се стотици или повеќе од илјада, оние со кои заедно со Форевер обиколивме многубројни катчиња на Европа и светот, за да станеме дел од незаборавните годишни патувања и настани на прекрасната компанија со која работиме.

И секако нема да пропуштиме да истакнеме дека сите овие години зад нас стоеја сопственикот на компанијата, г-н Рекс Мон и неговиот прекрасен тим во Централната канцеларија во Скотсдејл, Аризона, како и прекрасните вработени во канцеларијата на Форевер Бугарија, на кои исто им ја честитаме годишнината и им посакуваме да продолжат да се грижат посветено за нашето огромно семејство, од кое е дел секој од нас.

Сите ние заедно сме партнери со прекрасната мисија да им помагаме на другите да допрат до магичноста на производите од алое вера и повторно да го доживеат заборавеното чувство секое утро да стануваат полни со енергија и радост од раѓањето на новиот ден. Од сите богатства на светот кои можеме да ги предложиме на луѓето, ние располагаме со највредното – здравјето. И треба да сме горди што тоа достигнува до толку многу луѓе благодарение на сите нас.

Тешко дека има подобар момент од сегашниот да се потсетиме на мисијата и вредностите на компанијата со која веќе 15 години го менуваме сопствениот живот и им помагаме на многу други исто така да го променат:

„Создаваме поволна средина во која секој може достоинствено да биде она што сака да биде; во која чесноста, коректноста, емпатијата и задоволството од работата се наши главни приоритети. Градиме и негуваме ентузијазам и верба во нашата компанија, производи и индустрија. Бараме знаење и рамнотежа, и без страв ги водиме напред компанијата и сопствениците на Форевер бизнис.“

**Со љубов и секогаш со вас,**



**Стефан и Тања Стаеви**
*и целиот тим на ФЛП*
*во Бугарија и Македонија*

# МОЌТА НА ЦВЕТОВИТЕ

**Природата е исклучително богата со компоненти кои се корисни за човечкото здравје и надворешниот изглед. Цвеќињата имаат убав изглед и мирис, но освен што ги украсуваат градините и нашите домови, многу од нив може да се сушат, да се мелат или од нив да се добијат екстракти кои потоа се додаваат во импресивните производи за убавина и виталност. Во производите на Форевер има изобилство од растителни екстракти со благотворно дејство, но денес ќе ви презентираме четири од најомилените.**

**Лаванда**

Лавандата има прекрасни виолетови цветови со фасцинантен мирис. Исушени може да се додаваат во храна и пијалоци, а од нив се извлекуваат и ароматните компоненти во форма на етерично масло. Лавандата е популарна состојка во козметиката и во производите за бања, како и во маслата за ароматерапија. Бугарија е позната во целиот свет по своето производство на прекрасната лаванда и затоа Форевер ја избра токму неа за своето 100% чисто етерично масло. Пријатниот мирис на растението се чувствува низ целата земја во летниот период и тоа не само по полињата на кои се одгледува за трговски цели, туку и во многу паркови и градини. Велат дека нејзината слатка арома го смирува и опушта телото и умот. Неколку Форевер производи содржат лаванда најмногу поради нејзиниот волшебен мирис. Во најчиста и концентрирана форма ја има во веќе споменатото висококвалитетно бугарско етерично масло Форевер. Можете да го користите во дифузер или арома- лампа за релаксација, баланс и ослободување од стресот, навечер во спалната за добар сон, можете да ја ароматизирате облеката во гардеробериte, воздухот во просториите кои престојувате и секаде на друго место каде што сакате. Машкиот парфем 25th Edition е богат букет од мириси, а еден од нив е медитеранската лаванда. Не смееме да ја пропуштиме и специјалната Арома СПА колекција за раскошно мирисливо задоволство во домот. Релаксирачкиот лосион за масажа, релаксирачките соли за бања, и релаксирачкиот гел за туширање содржат лаванда за да ви дадат пријатни моменти по напорниот ден.



**Камилица**

Ова име го носат растенијата со ситни цветови кои потсетуваат на маргаритки и растат низ цел Евопа. Уште од древни времиња камилицата се сметала за лековита, а денес најпопуларна е сушена за ароматен и смирувачки чај.

Билниот чај со цветовите од алое на Форевер исто така содржи цветови од камилица во комбинација со други мирисни зачини како цимет, ѓумбир и кардамон. Чајот е идеален и како освежителен летен пијалок- погледнете ги предлозите на следната страна.



Камилицата е во составот на неколку од козметичките производи на Форевер - им дава прекрасен мирис, ја смирува и балансира кожата. Ќе уживате во нејзиното нежно влијание со производите: алое лосион, алое прополис крема и балсамот за после бричење Gentleman's Pride. Трите производи содржат камилица, која заедно со алоето ја ублажува раздразнетата и чувствителна кожа.

# Леден чај со цветови од алое



Четири ќесички чај попарете ги со две чаши врела вода и оставете ги три до пет минути. Извадете ги ќесичките и додајте уште две чаши ладна вода, потоа разладете го чајот во ладилник. Послужете го со мраз.

***Идеја:*** *додадете и лимон за уште поосвежителен вкус.*

# Нашите растенија




## Camellia sinensins

**Тоа е латинското име на растението од кое се прават популарните низ цел свет: зелен, црн и бел чај.** Тој е многу богат со антиоксиданти и се смета дека кога се користи во козметичките производи го забавува процесот на стареење, бидејќи ја штити кожата од слободните радикали. Растението се одгледува главно во Азија, а цветовите вообичаено се жолти или бели. Освежувачкиот алое тоник и потхранувавачкиот алое серум од колекцијата „Соња“ содржат екстракт од бел чај и благодарение на него одлично ја хидратираат и потхрануваат кожата.



## Алое вера

**Неверојатно растение, почитувано поради своите корисни својства уште од античко време. Алоето е и главна состојка во повеќето производи на Форевер.** Ние сами го одгледуваме алоето и го преработуваме по специјална патентирана технологија, за да сме сигурни дека гелот е максимално чист и ефикасен. Со гордост можеме да кажеме дека нашето алое вера е едно од најдобрите на пазарот, што објаснува и зошто нашите производи се толку многу ефикасни. Кон алоето се однесуваме многу внимателно за да ги сочуваме сите негови корисни состојки и својства- не го пастеризираме, не го сушиме преку замрзнување, не го загреваме. Во поголем дел нашите производи претставуваат 100% стабилизиран алое вера гел од внатрешноста на листовите, на кој додаваме точно толку од останатите состојки за да создадеме импресивен производ за вас.



# Нашите производи




**Чај со цветови од алое** – код: 200
**Балсам за после бричење** – код: 070
**Хидратантен лосион** – код: 063
**Крем со алое и прополис** – код: 051
**Благотворен микс** – код: 509

**Смирувачки микс** – код: 511
**Етерично масло- лаванда** – код: 506
**Базно масло** – код: 505
**25-th Edition Cologne парфем** – код: 209
**Арома СПА колекција** – код: 285
**Релаксирачки лосион за масажа** – код: 288

**Соли за када** – код: 286
**Релаксирачки гел за туширање** – код: 287
**Освежувачки тоник со бел чај**– код: 279
**Серум со алое и бел чај– код:** 281
**Комплет нега за кожа „Соња“**– код: 282

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА СЕПТЕМВРИ 2016 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОР

Абази Нађије – Куманово

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

Андонов Александар – Гевгелија
Гил Барбара Дамута – Струмица
Златанова Душанка – Неготино
Јордев Столе – Штип
Калевски Гоце и Стефанка – Скопје
Нуредини Лабинота – Скопје
Павловска Светлана – Кочани
Плешков Роберт – Штип
Ристовска Магдалена – Скопје
Симјановска Ивана -Скопје
Стојмиров Александар – Скопје
Танчев Каме – Струмица
Хасани Агнеса - Скопје

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Др.Снежана Контра
3. Славица Донакова
4. Блага Крстеска
5. Слафко Михајловски
6. Катерина Трајчевска
7. Вера Златковска
8. Дончо Ѓорѓиев
9. Нађије Абази
10. Жарко Георгиевски

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Др.Снежана Контра
3. Вера Златковска
4. Славица Донакова
5. Жарко Георгиевски
6. Дончо Ѓорѓиев
7. Катерина Трајчевска
8. Валентина Крмова
9. Зорка Малинова
10. Слафко Михајловски

## SUCCESS DAY

**Скопје**
**15.10.2016**
Хотел „Порта“, 18 часот

## АКЦИЈА 1 + 1

**За купен 1 производ од етеричните масла Форевер и / или Форевер Имублeнд добивате 1 ГРАТИС од истиот. Количините се ограничени!**




## Претставувања на НЕВЕРОЈАТНАТА БИЗНИС МОЖНОСТ на Форевер

**Гостивар, Пицерија Пијано,**
**20.10.2016, 19 часот**

**Штип, Хотел Оаза,**
**31.10.2016, 19 часот**

**Сакате да напредувате во Маркетинг планот на Форевер и подготвени сте да ги усовршите вашите знаења и вештини за градење на стабилен Форевер бизнис? Добредојдени сте на Маркетинг обуката на ден 15.10.2016 во Хотел Порта во 15 часот.**

**Предавач: Стефан Стаев, Ген. директор на ФЛПБугарија/ Македонија**

**сè ЗАПОЧНУВА од ВАС!**



# ПРОМОЦИЈА

**Во текот на октомври - ако сте Новус клиент, Асистент Супервизор, Супервизор и Асистент Менаџер и имате порачки (една или повеќе) во вкупна вредност од најмалку 1 бод и ако сте Менаџер и имате порачки (една или повеќе) во вкупна вредност од најмалку 2 бода го добивате следниот подарок**




**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.